# Ревитализацијата на „Куќата на Уранија“ најважна

Околу 40 милиони денари ќе бидат издвоени од Министерството за култура за проектите на Заводот и музеј од Охрид, а еден од најзначајните проекти е реконструирањето на „Куќата на Уранија“, со целосно статичко зајакнување, факсимилна обнова и ревитализација на тој монументален објект.

Дел средствата се наменети за возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник и за доизградба на праисториската палафитна населба во Заливот на коските во Градиште, каде што годинава треба да се изградат уште 16 дрвени колиби во рамките на Музејот на вода. Ќе продолжат и археолошките истражувања на повеќе локалитети, пред сè на локалитетот Енгелана.